**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Бр. 25 – 4933/2
26. 05. 2011 година
С к о п ј е

Министерот за економија врз основа на член 205 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/2005 и 110/2008), член 24 став 2 од Законот за безбедност на производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.33/2006, 63/2007 и 24/2011), постапувајќи по барањето бр.25-4933/1 од 20.05.2011 година, на правното лице Друштво за технички испитувања, сертификација и технички прегледи ТЦИ ЕуроЦерт ДОО Скопје, министерот за економија донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ

1. СЕ ОВЛАСТУВА правното лице, **Друштво за технички испитувања, сертификација и технички прегледи ТЦИ ЕуроЦерт ДОО Скопје**, за вршење на оцена на сообразност во рамки на опсегот на акредитација, за поединечна верификација и испитување на тип на:
- сервисни лифтови, лифтови за превоз на стоки, сите видови платформи, ескалатори и транспортери на луѓе, сите видови на кранови и дигалки, средства за подигнување, помошни уреди и прибор за подигнување, вериги и јажиња, индустриски транспортери и рударска опрема (багери, одлагачи, претоварни станици и транспортни мостови).

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување и ќе важи до исполнувањето на условите од член 24 став 1 и став 3 од Законот за безбедност на производи.

3. Правното лице доколку изврши промени на условите или престанало да ги исполнува условите од точка 2 на ова решение, должно е да го извести Министерството за економија најдоцна 15 дена од денот на настанатата промена.

4. Со влегување во сила на ова решение, престанува да важи решението бр.25-3218/2 од 11.04.2011 година.

### Образложение

Друштвото за технички испитувања, сертификација и технички прегледи ТЦИ ЕуроЦерт ДОО Скопје, до Министерство за економија поднесе барање бр.25-4933/1 од 20.05.2011 година, за донесување на решение за овластување за вршење на оцена на сообразност, за поединечна верификација и испитување на тип, согласно Правилникот за безбедност на машини („Службен весник на Република Македонија“ бр.123/2009) во рамки на опсегот на акредитација за:
- сервисни лифтови, лифтови за превоз на стоки, сите видови платформи, ескалатори и транспортери на луѓе, сите видови на кранови и дигалки, средства за подигнување, помошни уреди и прибор за подигнување, вериги и јажиња, индустриски транспортери и рударска опрема (багери, одлагачи, претоварни станици и транспортни мостови).

Кон барањето се поднесени следните документи:

- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-024, заведено под бр.08-35 од 16.03.2011 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија;

- Документ за регистрирана дејност, издаден од Централниот регистар на Република Македонија со деловоден бр.0807-9/6618 од 26.11.2010;

- Доказ за тековната состојба на правното лице од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица, издаден од Централниот регистар на Република Македонија со деловоден бр.0806-11/8476/1 од 18.03.2011;

- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех бр. 0904-13/1160 од 01.04.2011 година, издаден од Централниот регистар на Република Македонија;

- Копии од обрасците М1/М2 за: Дипл. Маш. Инг. Самарџиоски Златко, Дипл. Маш. Инг. Станковски Сашо, Дипл. Електротехн. Инг. Антовски Драган, Дипл. Маш. Инг. Горан Николовски, Дипл. Маш. Инг.Поцев Никола и договор за ангажирање соработник со лицата: проф. д-р Гаврило Гаврилоски и Дипл. инг. по електротехника Тони Трајчев.

- Доказ за склучен договор за осигурување полиса бр.130020001116 од 27.01.2011 година;

- Изјава за поседување на техничка опрема со бр. 03-86/1 од 12. 05 2011 година.

Министерот за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за безбедност на производи, Уредбата за постапката за донесување на решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, начинот на известување за стекнување на својство на телата за оцена на сообразност, начинот на известување за укинување на решението за овластување и формата и содржината на регистарот на телата за оцена на сообразност („Службен весник на Република Македонија" бр.157/2007) и Правилникот за безбедност на машини, утврди дека барањето е основано и донесено е решение како во диспозитивот.

Со влегување во сила на ова решение, престанува да важи претходно издаденото решение со бр.25-3218/2 од 11.04.2011 година.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО :** незадоволната странка од ова решение може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на економијата. Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

**МИНИСТЕР,**
**Фатмир Бесими**